# П Р О Г Р А М А
# ЗА ПОЛАГАЊЕ ИСПИТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА КОНЗЕРВАТОРСКА ЛИЦЕНЦА

## I. ТЕМИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ДЕЛ ОД ИСПИТОТ СПОРЕД ВИДОВИТЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

### - АРХИТЕКТОНСКО И АРХЕОЛОШКО НАСЛЕДСТВО

1. Архитектонското и археолошкото наследство во Националната класификација на културното наследство на Р. Македонија.
2. Главни карактеристики на архитектонското и археолошкото наследство:
   - типови градби, конструктивни системи, техники на градење;
   - интегрални делови/содржини на градбата (ѕидно сликарство, мозаик, камена/дрвена пластика).
3. Конзерваторски истражувања и практика:
   - историја и теорија на конзервацијата на археолошкото и архитектонското наследство;
   - традиционални и современи системи на градење и градежни материјали - идентификација, стандарди, компатибилност;
   - утврдување на техничката состојбата на градбата;
   - причини и видови на оштетувања;
   - превентивни техники и методи на заштита (отстранување на вегетација, покривање, потпирање и сл.);
   - општи познавања на геомеханичките својства на теренот, климатските, сеизмичките и други (природни) услови важни за одвивање на конзерваторскиот процес;
   - вид, обем и начин на изготвување на изведбена документација;
   - подготовка и организација на работите во конзерваторскиот процес;
   - мерки на безбедност при работа;
   - утврдување мерки на заштитен режим по завршувањето на конзерваторските зафати со цел - опстојување, развој и користење на доброто.

### ЅИДНО СЛИКАРСТВО

1. Ѕидното сликарство во Р. Македонија – општи познавања на уметничките и техничко-технолошките особености на најзначајните остварувања во одредени историски периоди.
2. Конзерваторски истражувања и практика:
   - техники на ѕидно сликарство – фреско, секо, комбинирани техники;
   - структура на ѕидното сликарство – подлоги и малтери, врзива и пигменти;
   - извори за конзервацијата на ѕидното сликарство;
   - утврдување на техниката и состојбата (носач, подлога, сликан слој);
   - причини за оштетувањата (природни/биолошки, човечки фактор);
   - соли и нивната растворливост (видови, идентификација и отстранување);
   - видови микроорганизми и метод(и) за нивно отстранување;
   - физичко-хемиски истражувања за идентификација и примена на материјали (неинвазивни и инвазивни методи и др.);
   - конзерваторски методи (зацврстување/фиксирање, консолидација на пукнатини, чистење, отстранување на патина, флеки, стари и несоодветни премачкувања и сл.);

- ретуширање и реинтеграција на боите;
- трансфер и враќање;
- раслојување;
- материјали и инструменти за конзервација (традиционални/современи);
- вид и обем на изведбена документација;
- подготовка и организација на работите во конзерваторскиот процес;
- мерки за безбедност при работа;
- методи и пристап кон презентација;
- мерки на превенција од оштетувања.

МОЗАИК

1. Главни карактеристики на видови мозаици: подни мозаици во античка Грција и Рим, византиски и средновековни подни и ѕидни мозаици, мозаични икони.
2. Материјали за изработка на мозаик (камен, мермер, стакло, стаклени пасти, позлата, глазирана керамика и др).
3. Техника(и) и технологија на изработка на мозаик.
4. Конзерваторски истражувања и практика:
   - извори за конзервација на мозаик;
   - современи методи за идентификација на материјалите (структура, својства) и нивната примената;
   - утврдување на техничката состојба;
   - причини за оштетувања – природни/климатски, биолошки, човечки фактор;
   - превентивни техники и методи на заштита (отстранување на вегетација, чистење, покривање, песочна покривка итн.);
   - конзерваторски методи – консолидација, фиксирање на подлога (малтер), лепење на отпаднати делови, чистење на површината, вадење/ поставување/ пренесување на мозаик, реконструкција на подлогата и на отпаднати делови;
   - методи и пристап кон презентација и заштита/одржување на мозаичните површини;
   - вид и обем на изведбената документација;
   - подготовка и организација на работите во конзерваторскиот процес;
   - мерки за безбедност при работа.

ИКОНИ И ДРУГИ СЛИКАРСКИ ДЕЛА

1. Класификација на иконите и сликарските дела според Националната класификација на културното наследство на Р. Македонија.
2. Конзерваторски истражувања и практика:
   - техника и технологија на изработка на икони и други сликарски дела: носач (видови и начин на обработка), подлога (платно/грунд; видови и состав - полнител, врзиво, пластификатор итн.), боен слој и позлата (пигменти и врзива, техники на позлатување), заштитен слој (видови на лакови, состав, начин на изработка), опкови и друг вид апликации;
   - историја на материјалите и извори за технологијата и техниката на изработка на икони и на други сликарски дела;
   - утврдување на техничката состојба;
   - причини за оштетувања – микро - климатски/биолошки/човечки фактор;
   - физичко-хемиски анализи на видовите оштетувања;
   - современи методи за идентификација на материјалите (структура, својства) и нивната примена примена;

- конзерваторски методи (консолидација, трансфер на нов носач, реконструкција, раслојување, чистење и регенерација на лак, рентулажа и др.);
- фактори кои влијаат при изборот на конзерваторскиот метод (состојба/зачуваност, функција и сл.);
- вид и обем на изведбената документација;
- подготовка и организација на работите во конзерваторскиот процес;
- мерки на безбедност при работа;
- мерки за превенција од оштетување на делата за време на чување, експонирање и транспорт.

ПРЕДМЕТИ ОД СТАКЛО/ КЕРАМИКА/ МЕТАЛ/КАМЕН/ДРВО

1. Класификација на предмети од стакло/керамика/метал/камен/дрво во Националната класификација на културното наследство во Р. Македонија.
2. Техника и технологија на изработка на предмети од стакло/керамика/ метал/камен/дрво и апликации од други материјали.
3. Познавања на ликовни и вајарски техники и методи.
4. Конзерваторски истражувања и практика:
   - теорија/извори за конзервација на предмети од стакло/ керамика/ метал/ камен/дрво;
   - селекција и класификација на зачувани предмети или делови од стакло/керамика/метал/камен/дрво;
   - физичко-хемиски анализи и други методи за утврдување на структурата, квалитетот и начинот на изработка на предмети од стакло/керамика/метал/камен/дрво;
   - утврдување на состојбата на дела од стакло/ керамика/ метал/ камен/ дрво или на одделни зачувани фрагменти;
   - причини и видови на оштетувања – природни/биолошки/човечки фактор(и);
   - превентивни техники и методи на заштита (при пронаоѓање, транспорт, времено депонирање и во текот на конзерваторскиот процес);
   - конзерваторски техники и методи - чистење, импрегнирање, консолидација, лепење, лиење, изработка на калапи, моделирање рекомпонирање, реставрација, реконструкција, фумигација и др;
   - материјали за конзервација – врзива, лепила, пигменти, лакови, позлата, реагенси, растворувачи/ разредувачи, емулзии и др.;
   - вид и обем на изведбената документација;
   - чување и презентација на предмети или делови од стакло/керамика/ метал/камен/дрво;
   - подготовка и организација на работите во конзерваторскиот процес;
   - мерки на безбедност при работа.

ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО РАБОТЕНО НА ПОДЛОГА ОД ЦЕЛУЛОЗА И КОЖА

1. Класификација на движно културно наследство и уметнички предмети работени на подлога од целулоза и кожа во Националната класификација на културното наследство на Р. Македонија.
2. Видови и начин на припрема на подлоги – целулозна (хартија, папирус итн.) и кожна (пергамент, друг вид кожа).
3. Средства за пишување/цртање (сликање) – туш, мастило, молив, бои/пигменти итн.;
4. Материјали за подврзување.
5. Конзерваторски истражувања и практика:

- теорија/извори за конзервација на дела работени на подлога од целулоза и кожа;
- селекција и класификација на зачувани дела или делови/фрагменти работени на подлога од целулоза и кожа;
- физичко-хемиски анализи за утврдување на структурата, квалитетот, начинот на изработка и употребата на средства за пишување/ цртање (сликање) на дела работени на подлога од целулоза и кожа;
- утврдување на состојбата или на делови/ фрагменти;
- причини и видови на оштетувања – природно стареење, биолошки, физичко-хемиски и механички фактор(и);
- превентивни техники и методи на заштита (при пронаоѓање, транспорт, времено депонирање и во текот на конзерваторскиот процес);
- конзерваторски техники и методи - чистење (дезинфекција, неутрализација и др.), консолидација, лепење, рекомпонирање, реставрација, реконструкција и др.;
- материјали за конзервација – лепила, пигменти, реагенси, растворувачи/ разредувачи, мастила, емулзии и др.;
- вид и обем на изведбената документација;
- начин на чување - сместување, ракување и сл.;
- начин на експонирање;
- подготовка и организација на работите во конзерваторскиот процес;
- мерки на безбедност при работа.

ПРЕДМЕТИ ОД ТЕКСТИЛ

1. Класификација на текстилни предмети во Националната класификација на културното наследство на Р. Македонија.
2. Техника и технологија за изработка на ткаен /плетен/везен предмет, со додатоци/апликации.
3. Класификација на текстилните влакна и нивни основни карактеристики (природни, вештачки, комбинација).
4. Конзерваторски истражувања и практика:
   - теорија/ извори за конзервација на текстилни предмети;
   - анализи за утврдување на структурата, квалитетот и техниката на изработка на текстилни предмети;
   - методи за утврдување на видот на текстилните влакна (согорување, опип, лупа, микроскоп, ултравиолетови зраци);
   - причини и видови на оштетувања – природно стареење,/биолошки/физичко-хемиски и механички фактор(и);
   - превентивни техники и методи на заштита (при пронаоѓање, транспорт, времено депонирање и во текот на конзерваторскиот процес);
   - конзерваторски техники и методи - чистење, рачно обновување, лепење, комбинација на техники и методи;
   - материјали и инструменти за конзервација – конци (памучни, ленени, свилени и др.), видови на платна (за подлога на оштетени делови), четки, корита и др.;
   - вид и обем на изведбената документација;
   - начин на чување - сместување, ракување и сл.;
   - начин на експонирање;
   - подготовка и организација на работите во конзерваторскиот процес;
   - мерки на безбедност при работа.

ФИЛМСКА ЛЕНТА

1. Класификација на филмска продукција во Националната класификација на културното наследство на Р. Македонија.
2. Основни карактеристики на филмска лента (димензии, состав, техника).
3. Конзерваторски истражувања и практика:
   - теорија/извори на конзервација на филмската лента;
   - методи за кинотечна обработка на филм – техничка, филмолошка;
   - видови на оштетувања на филмска лента–механички, хемиски;
   - превентивни техники и методи на заштита (при пронаоѓање, транспорт, привремено депонирање и во текот на конзерваторскиот процес);
   - конзерваторски техники и методи - чистење, лепење, перфорација, понатамошна лабораториска обработка);
   - вид и обем на изведбена документација;
   - начин и услови за чување, ракување, пакување и сл.;
   - подготовка и организација на работите во конзерваторскиот процес;
   - мерки на безбедност при работа.

II. ТЕМИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА НОРМАТИВНИОТ ДЕЛ НА ИСПИТОТ

1. Меѓународни прописи

(а). Конвенција за заштита на културните добра во случај на вооружен судир, Хаг, 14 мај 1954 година;
(г). Прв протокол на Хашката конвенција од 1954 година,14 мај 1954 година;
(в). Втор протокол на Хашката конвенција од 1954 година, 26 март 1999 година;
(г). Конвенција за мерките за забрана и спречување на недозволен извоз, увоз и пренос на сопственост на културните добра, Париз, 14 ноември 1970 година;
(д). Европска конвенција за заштита на археолошкото наследство, Лондон, 6 мај 1969 година;
(ѓ). Ревидирана европска конвенција за заштита на археолошкото наследство, Валета, 16 јануари 1992;
(е). Европска конвенција за заштита на архитектонското наследство, Гранада, 3 октомври 1985 година;
(ж). Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство, УНЕСКО, Париз, 1972.

2. Национални прописи

- Закон за култура
- Закон за заштита на културното наследство
- Закон за просторно и урбанистичко планирање
- Закон за градење
- Закон за музеите
- Закон за библиотеките
- Закон за задолжителен примерок
- Закон за авторско право и сродните права
- Подзаконски акти за соодветните области.